## ДОГОВОР ЗА СТИПЕНДИЈА

Склучен на ____________ година помеѓу:

1. **Министерството за образование и наука,** претставувано од министерот за образование и наука м-р Панче Кралев, во натамошниот текст: давател на стипендија, од една страна и

2. ________________________________________студент/ка на Универзитетот ____________________________, факултет за ______________________________ запишан/а во__________семестар во студиската 2011/2012 година, во натамошниот текст корисник на стипендија, од друга страна.

**Член 1**

Предмет на овој договор е обезбедување и користење на стипендија за талентирани студенти кои се запишани на додипломски студиски на студиски програми по информатика, согласно Конкурсот за доделување стипендии на студенти запишани на додипломски студии на студиски програми по информатика за студиската 2011/2012 година бр. 08 - 6925/2 од 04.11.2011 година, утврдување на износот на стипендијата и регулирање на правата и обврските на договорните страни.

**Член 2**

За учебната 2011/2012 година давателот на стипендијата на корисникот на стипендијата му обезбедува стипендија во месечен износ од 5.500 денари за 9 (девет) месеци во годината (без месеците јули, август и септември).

**Член 3**

Давателот на стипендијата се обврзува стипендијата од член 2 на овој договор да ја исплаќа на трансакциска сметка на корисникот на стипендијата.

**Член 4**

Корисникот на стипендија се обврзува:

1. Редовно да ги запишува семестрите, односно годината на студиите, да постигне успех согласно распишаниот Конкурс за учебната 2011/2012 година и да дипломира во рокот предвиден со статутот на образовната установа, каде се школува.
2. На почетокот на секоја учебна година, најдоцна до **30 октомври** до давателот на стипендијата да достави потврда за запишан нареден семестар, односно година на школување и уверение за предвидени и положени испити со успех од претходните години и индекс на увид.
3. Во рок од 30 дена да го извести Давателот на стипендијата за настанатите промени, како што се: промена на факултет, насока, отсек, прекинување на понатамошно школување, добивање стипендија или кредит од

друга установа или фирма, дипломирање, одење на отслужување на воен рок, студиски престој во странство, како и други промени кои влијаат на правото на користење на стипендија.

4. На денот на потпишувањето на договорот да достави број на трансакциона сметка, од било која банка во Република Македонија, на која давателот на стипендијата ќе врши исплата на средствата од член 2 на овој договор.

**Член 5**

Давателот на стипендијата може да го раскине договорот доколку корисникот на стипендија не ги исполнува обврските од член 4 на овој Договор, го промени факултетот или насоката за кои се доделува стипендијата, не ги достави навремено потребните документи и доколку просекот, кој е услов за добивање на стипендијата биде намален под предвидениот со Конкурсот во член 1 на ова решение.

**Член 6**

Во случај на спор странките се согласни по истиот да решава Основниот суд Скопје II-Скопје.

**Член 7**

Овој договор е составен во 3 еднообразни примероци, од кои два за давателот на стипендијата и еден примерок за корисникот на стипендијата.

Договорот се смета за склучен откако ќе го потпишат договорните странки.

**ДАВАТЕЛ НА СТИПЕНДИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**МИНИСТЕР,**
**м-р Панче Кралев**

**КОРИСНИК НА СТИПЕНДИЈА**

____________________________
(име, татково име, презиме)

________________________________
(место и адреса на постојано живеалиште)

________________________________
ЕМБР

________________________________
Број на индекс